# Известување за достапност на документи и за јавна расправа за ревидирана Рамка за управување со животната средина и со социјалните аспекти (РУЖССА) за реструктурирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор во РСМ

Министерството за финансии на Република Северна Македонија ја известува заинтересираната јавност дека подготвува реструктурирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор со вредност од 25 милиони евра обезбедени со заем од Светска Банка и дополнително финансирање од 2,14 милиони евра обезбедени со грант од Western Balkans Investment Framework.

Во тој контекст, уште во раната фаза на процесот на реструктурирање и одобрување, ќе се одржат јавни консултации со засегнатите страни на следните документи кои се подготвени со цел постигнување на барањата на Светска банка за заштита на животната средина и социјалните аспекти:

- Ревидирана Рамка за управување со животна средина и социјални аспекти;
- Ревидиран План за вклучување на чинителите;
- Ревидиран План за обврски кон животната средина и социјалните аспекти.

Овие документи, заедно со формуларот за поднесување на коментари од јавноста, се поставени за јавен увид на веб страницата на Министерството за финансии (Под-проекти за енергетска ефикасност во единиците на локална самоуправа - finance.gov.mk) на 28.02.2025 година.

Јавната расправа за сите три документи ќе се одржи на **13.03.2025 (четврток) со почеток во 13.00 часот во Министерството за финансии,** сала за состаноци на 1ви кат, адреса: ул. Даме Груев бр. 12, Скопје, со следниот дневен ред:

1. Воведна информација за реструктурирање на ПСЕЕП, Раде Лазаревски, времен главен координатор на Единицата за спроведување на ПСЕЕП - 10 минути
   - Краток осврт на дополнителните активности
2. Осврт на потребата и целта на консултативниот процес за ревидирање на документите за животна средина и социјални аспекти на ПСЕЕП, Катарина Георгиевска, консултант за животна средина од Единицата за спроведување на ПСЕЕП
   - Презентација на ревидираните три документи
3. Дискусија

Ве покануваме со активно учество во процесот на јавна консултација за горенаведените документи за посочениот проект, во делот на заштита на животната средина и социјалните

аспекти. Забелешки и/или коментари по однос на документите може да се доставаат на самата јавна расправа и/или во писмена форма, најдоцна до 30.03.2025 година, на следната адреса:

Министерство за финансии

Ул. Даме Груев бр. 12, 1000 Скопје

Или по е-маил на:

***Владимир Грујовски*** (за социјалните аспекти)

E-mail: vladimir.grujovski@finance.gov.mk

***Катарина Георгиевска*** (за аспектите од животна средина)

E-mail: katarina.georgievska@finance.gov.mk

**Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор**
**Министерство за финансии**